ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 22-188/1**

**Дата: 11.02.2014**

**ДО**
**ЈАВНА УСТАНОВА ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА- СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната установа Центар за стручно образование и обука - Скопје (во натамошниот текст ЈУ ЦСОО - Скопје ) на сметката на основен буџет (603-15), за 2012 година.

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Ревизијата изрази мислење со резерва во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и негативно мислење во однос на усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива за 2012 година.

Со извршената ревизија кај ЈУ ЦСОО – Скопје констатиравме:

- извршени исплати на средства за потрошена електрична енергија во паушален износ наместо за фактички потрошената електрична енергија;
- извршени исплати за привремени вработувања на несоодветен начин;
- неизвршен попис на средствата и обврските согласно законската регулатива;
- неутврдена и неевидентирана вредност на компјутерска опрема, и
- слабости во постапките за јавни набавка на материјали и услуги.

Со цел подобрување на утврдените состојби, надлежните органи за управување и раководење на субјектот потребно е да ги преземат следните активности: уредување на правата и обврските за користење на електрична енергија, да се обезбедат потребните согласности и средства од надлежните органи за ангажирање на лица од кои ЈУ ЦСОО има континуирана потреба, да се организира попис на начин утврден со законските и подзаконските акти и набавките на материјали и услуги да се вршат согласно утврдените постапки со Законот за јавни набавки.

Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 22-241/4 од 27.12.2013 година.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 9 до 11 заедно со ревизија на усогласеност на ЈУ ЦСОО - Скопје на сметката на основен буџет за 2012 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2012 година и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на ЈУ ЈУ ЦСОО - Скопје за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Зеќир Зеќири, директор од 12.01.2010 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на ЈУ ЦСОО - Скопје се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизија на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизија на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 04.11.2013 до 29.11.2013 година кај ЈУ ЦСОО - Скопје од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 17.12.2013 година.

Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 22-241/4 од 27.12.2013 година.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2012 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 3.1. Усогласеност со закони и прописи

3.1.1. Со одредбите од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници уредено е субјектите да имаат предвидено работно место одговорен сметководител. Во Актот за систематизација на работни места на ЈУ ЦСОО не е предвидено работно место за лице кое со својот потпис ја потврдува точноста и усогласеноста на документацијата со законските одредби.

Неназначување на одговорен сметководител не е во согласност со член 16 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и не обезбедува целосна одговорност за реалноста и објективноста на евидентираните настани во сметководствената евиденција и правилно прикажување на позициите во финансиските извештаи.

**Препорака**

Раководното лице на ЈУ ЦСОО да преземе активности за назначување одговорен сметководител, по претходно извршени измени во Актот за организација и систематизација на работните задачи.

3.1.2. Во известувачкиот период ЈУ ЦСОО преку авторски агенции континуирано ангажира три физички лица за извршување на финансиски, благајнички и хигиеничарски услуги, подготовка и послужување на напивки и умножување на материјали и документи, наместо преку агенција за привремени вработувања. За извршување на овие услуги се направени расходи во вкупен износ од 224 илјади денари за надоместоци, персонален данок и застапничка провизија за авторска агенција. ЈУ ЦСОО два пати во текот на 2010 година доставил барање до надлежните органи за обезбедување на согласности за вработување на лица за извршување финансиски и благајнички работи, но по овој основ нема добиено позитивен одговор. Начинот на ангажирање на овие лица за вршење на работи кои се предвидени со Правилникот за систематизација на работните места на ЈУ ЦСОО, не е во согласност со член 22 од Законот за работни односи каде е уредено дека потребата од работници се обезбедува со објавување на јавен оглас, со член 51 од Законот за буџетите кој се однесува на обезбедување на потребните средства и согласности за вработување или со член 4, член 11 и член 13 од Законот за Агенции за привремени вработувања.

Непочитувањето на наведените закони, создава можност за необјективен пристап при одлучувањето за потреба од ангажирање на лица и неостварување

на правото од работен однос односно право на пензиско и здравствено осигурување од работен однос и незаконско користење на средствата.

**Препорака**

Раководното лице на субјектот да превземе активности за:

- обезбедување на потребните согласности од надлежните органи за ангажирање на лица на работни места од кои има континуирана потреба (хигиеничар и благајник), и
- прекинување на воспоставената пракса од ангажирање на надворешно лице за вршење на финансиски услуги, поради тоа што во месец декември 2013 година склучен е договор за вработување на јавен службеник на работно место советник за финансии, планирање и буџет.

**3.2. Финансиски извештаи**

**Биланс на приходи и расходи**

3.2.1. На сметката Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт во известувачкиот период евидентирани се расходи во износ од 119 илјади денари. Распределбата на електричната енергија која ја користат повеќе субјекти сместени во објектот на МРТВ меѓу кои и ЈУ ЦСОО, се врши во месечни паушалини износи од страна на МРТВ. До денот на известувањето, помеѓу МРТВ и ЈУ ЦСОО не е склучен договор за уредување на меѓусебните права и обврски, што не е во согласност со Законот за облигациони односи.

Ваквата состојба предизвикува ревизијата да не се увери во реалноста и објективноста на искажаните расходи за потрошена електрична енергија.

**Препорака**

Раководното лице на ЈУ ЦСОО да преземе активности за склучување на договор за уредување на меѓусебните права и обврски за користење на електрична енергија.

**Биланс на состојба**

3.2.2. Ревизијата не се увери во реалноста и објективноста на искажаната состојба на постојаните средства во Билансот на состојба, поради не извршен попис на ден 31.12.2012 година на начин уреден со членот 28 до член 35 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и член 20 и член 21 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Причина за тоа се следниве утврдени состојби:

- не е извршено означување на сите средства со инвентарни броеви;
- не е извршен попис на паричните средства и обврските;
- не се презентирани пописни листи потпишани од членовите на пописната комисија, со податоци за физички попис/физичко пребројување на опремата и ситниот инвентар, податоци за материјалната состојба на средствата и за извршено усогласување на состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба;

- извештајот од пописната комисија за попис на основни средства и ситен инвентар е усвоен од Управниот одбор на 18.02.2012 година, односно по законски утврдениот рок до 08.02.2012 година;
- пописната комисија изготвила предлог листа во која е наведена опремата и инвентарот кои се предлагаат за отпис, но одговорното лице не донело акт со кој треба да го констатира начинот на расходување и мерките што треба да се преземат против лицата одговорни за настанатите оштетувања на средствата;
- не е воспоставена пракса да се врши задолжување на вработените со реверси за опремата која ја користат (компјутери и мобилни телефони);
- при пресметка на амортизацијата за дел од постоечката и за новонабавената опрема не се применети соодветни стапки согласно Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници;
- при пресметка на ревалоризација на новонабавената опрема не се применети соодветни стапки на ревалоризација;
- во известувачкиот период ЈУ ЦСОО добил на подарок пет деск топ компјутери и монитори, истите се евидентирани во сметководството само со назив но без вредност, поради што не е пресметана амортизација и ревалоризација за 2012 година.

Неправилностите во извршениот попис не даваат доволно уверување за реалноста и објективноста на состојбите прикажани во финансискиот извештај Биланс на состојба на ден 31.12.2012 година.

**Препорака**

Раководното лице на субјектот да превземе активности за:

- одредување на лица кои ќе извршат поставување на инвентарни броеви на средствата;
- разгледување на извештајот за извршениот попис и донесување на акт за негово извршување во законски утврдениот рок;
- воспоставување на пракса за задолжување на вработените (реверси) за опремата која ја користат;
- обезбедување на податоци за вредноста на добиената компјутерска опрема и нејзино соодветно евидентирање во деловните книги за правилна пресметка на амортизација и ревалоризација на истата.

## 3.3. Користење на средствата согласно законските прописи

### Јавни набавки

3.3.1. Во известувачкиот период ЈУ ЦСОО преземал активности за спроведување на повеќе постапки за јавни набавки со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас, чија вкупна договорна вредност изнесува 1.194 илјади денари. Со извршената ревизија на преземените активности за спроведување на наведените постапки, ревизијата утврди одредени состојби и тоа како што следува:

- планот за ЈН за 2012 година е донесен по законски предвидениот рок до крајот на јануари 2012 година, односно со задоцнување од еден месец на

28.02.2012 година, што не е во согласност со член 26 став 2 од Законот за јавни набавки;
- директорот на ЈУ ЦСОО не определил лице за вршење на работи од областа на јавните набавки, што не е во согласност со член 29-а од Законот за јавни набавки;
- поедноставената тендерска документација не е изработена согласно содржината пропишана од министерот за финансии, што не е во согласност со член 32 став 3 од Законот за јавни набавки;
- дел од ковертите со кои се доставени понудите во горниот лев агол немаат ознака „не отворај" и не е наведено повикување на број, или кај дел од ковертите освен што недостасуваат претходно наведените елементи, се наведени називот и адресата на економскиот оператор, што не е во согласност со член 59 став 2 од Законот за јавни набавки;
- при доделување на договор за јавна набавка, членовите на комисијата за јавна набавка, како и одговорното лице не потпишуваат изјава за непостоење судир на интереси, што не е во согласност со член 62 став 2 од Законот за јавни набавки;
- при поништување на постапки не се доставуваат известувања во рок од 30 дена од денот на поништувањето на постапката, заради објавување на веб страницата на Бирото за јавни набавки, што не е во согласност со член 170 став 2 од Законот за јавни набавки.

Утврдената состојба создава услови за намалување на транспарентноста, фер конкуренцијата и објективноста при изборот на понудувачите.

**Препорака**

Установата да обезбеди целосно почитување на одредбите од Законот за јавни набавки со кои ќе овозможи фер конкуранција, еднаква положба на понудувачите и економичност на набавките.

**Вкупни ефекти од наодите**

Утврдените состојби во точките 3.2.1. и 3.2.2. погоре имаат за ефект: исплата на средства за потрошена електрична енергија во паушален износ наместо за фактички потрошената електрична енергија, не извршен попис на средствата на начин и со постапки пропишани во законските и подзаконските акти, погрешно пресметана амортизација и ревалоризација на опремата, неутврдена и неевидентирана вредност на компјутерска опрема добиена како подарок и неизвршен попис на паричните средства и на обврските.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 3.2.1. и 3.2.2., финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ЈУ ЦСОО - Скопје - сметка на основен буџет на ден 31 декември 2012 година и резултатот од финансиските

активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со законите и прописите**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1., 3.2. и 3.3., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на ЈУ ЦСОО - Скопје - сметка на основен буџет, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 година**

| | | |
|---|---|---|
| | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **2012** | **2011** |
| | | |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 11.340 | 10.770 |
| **Вкупно приходи** | **11.340** | **10.770** |
| | | |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати и надоместоци | 6.841 | 6.804 |
| Стоки и услуги | 3.200 | 3.230 |
| **Вкупно тековни расходи** | **10.041** | **10.034** |
| | | |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 1.299 | 736 |
| **Вкупно капитални расходи** | **1.299** | **736** |
| | | |
| **Вкупно расходи** | **11.340** | **10.770** |
| | | |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **0** | **0** |

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

| | | |
|---|---|---|
| | | во 000 денари |
| Опис на позицијата | 2012 | 2011 |
| **Актива** | | |
| | | |
| **Тековни средства** | | |
| Активни временски разграничувања | 3.541 | 4.625 |
| **Вкупно тековни средства** | **3.541** | **4.625** |
| | | |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 449 | 487 |
| **Вкупно постојани средства** | **449** | **487** |
| | | |
| **Вкупна актива** | **3.990** | **5.112** |
| | | |
| **Пасива** | | |
| | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 2.950 | 3.981 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 535 | 562 |
| Пасивни временски разграничувања | 56 | 82 |
| **Вкупно тековни обврски** | **3.541** | **4.625** |
| | | |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 449 | 487 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **449** | **487** |
| | | |
| **Вкупна пасива** | **3.990** | **5.112** |

ПРЕГЛЕД

НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2012 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| | | |
| **Состојба 01.01.2012 година** | **487** | **487** |
| | | |
| **Зголемување по основ на:** | **212** | **212** |
| Набавки | 172 | **172** |
| Ревалоризација на капитални средства | 40 | **40** |
| | | |
| **Намалување по основ на:** | **250** | **250** |
| Амортизација | 250 | **250** |
| | | |
| **Состојба 31.12.2012 година** | **449** | **449** |